# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**СОДРЖИНА:**


**I. Општи одредби**
**II. Опис на Правилникот**
**III. Завршни одредби**
**IV. Документи и прилози**


| | **Датум** | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|---|
| **Изработил** | 19.06.2026 | Д-р Билјана Цоневска<br>Д-р Нада Донева<br>Проф. д-р Сашо Коцески | Секретар<br>Секретар<br>Проректор за настава и студенти | |
| **Одобрил** | 19.06.2026 | проф. д-р Дејан Мираковски | Ректор | с.р. |
| Правна основа: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) | | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница 148,датум 8.5.2018, број на седница 153,датум 30.10.2018, број на седница 184,датум 27.5.2021, број на седница 259,датум 23.06.2026) | | | | |

## I. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и интегрирани студии од прв и втор циклус студии.

Студии во смисла на став 1 од овој член се академски и стручни студиски програми од прв циклус - додипломски студии (во натамошниот текст: прв циклус студии) и интегрирани студии од прв и втор циклус студии.

**Член 2**

Со овој Правилник се обезбедува ефикасност на студиите, како и реализација на насоките од Болоњскиот процес, односно Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС: зголемување на мобилноста на студентите и наставниците, подобрување на квалитетот на студирањето врз основа на принципот на компетенција во предавањата и истражувањата.

**Член 3**

Првиот циклус на универзитетски академски / стручни студии на Универзитетот се остварува во согласност со Законот за високото образование,со Статутот на Универзитетот и со другите општи акти на Универзитетот.

**Член 4**

Универзитетот, односно единиците на Универзитетот организираат и изведуваат прв циклус на студии од научните, уметничките и стручните области за кои се акредитирани.

## II. ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ

**Член 5**

На единиците на Универзитетот на прв циклус на студии студентите се запишуваат согласно со закон, овој Правилник и конкурсите за запишување на студенти на прв циклус студии.

**Право на запишување на прв циклус на студии и интегрирани студии од прв и втор циклус и услови за запишување**

**Член 6**

На единиците на универзитетот на прв циклус на студии и на интегрирани студии од прв и втор циклус се запишуваат:

(1) редовни студенти финансирани од државата,
(2) редовни и вонредни студенти со кофинансирање на студиите
(3) иселеници и државјани на Република Северна Македонија кои

средното образование го завршиле во странство,

(4) државјани на Република Северна Македонија кои дел од средното образование го завршиле во странство или завршиле меѓународна матура,

(5) студенти - стипендисти на Владата на Република Македонија,

(6) студенти - странски државјани кои средното образование го завршиле во странство или кои средното образование го завршиле во Р. Северна Македонија.

Лицата од став 1, алинеа 1, 2, 3, 4 на овој член се запишуваат со плаќање партиципација или школарина согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии и на интегрирани студии од прв и втор циклус. Стипендистите на Владата на Република Северна Македонија се запишуваат под посебни услови утврдени со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

Лицата од став 1, алинеа 6 на овој член се запишуваат како странски државјани со плаќање школарина за странци согласно со конкурсот за запишување на странски студенти на прв циклус на студии и на интегрирани студии од прв и втор циклус. Странските државјани ја плаќаат школарината за странци во текот на целото школување, освен ако не е поинаку регулирано со закон, меѓународен / билатерален договор или друг акт.

Висината на школарината која студенти - странски државјани ќе ја плаќаат за време на студирањето по предлог на ректорската управа ја определува Универзитетскиот сенат.

**Член 7**

На прв циклус академски студии, на интегрирани студии студии од прв и втор циклус, како и на академски студии од областа на уметностите и на стручни студии, може да се запише лице кое положило државна матура или државна стручна матура или државна уметничка матура или меѓународна матура или лице кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

Универзитетот со студиските програми на единиците и конкурсот за запишување студенти, утврдува кои наставни програми за средно образование се соодветни за запишување на одделни студии.

## Еднакво вреднување на странско образование

**Член 8**

Условите за запишување од овој Правилник ги исполнуваат и лицата кои завршиле образование според еднаква студиска програма во странство. Лицата кои образованието или дел од образованието го стекнале во странство, должни се да достават документ од надлежен орган во Р. Северна Македонија за признавање (нострификација) на стекнатото образование во странство

Посебните услови и постапката за запишување на лицата од став 1 на овој член се регулираат со конкурсот за запишување студенти.

### Член 9

Лицата со македонско двојно државјанство кои не го познаваат македонскиот јазик и студентите странски државјани се пријавуваат преку овластено лице задолжено за работа со странски студенти на Универзитетот, со претходна посета на подготвителна настава по македонски јазик која се реализира на Институтот за јазици при Филиошки факултет на Универзитет „ Гоце Делчев “ - Штип.

Странски државјани кои го познаваат македонски јазик, што се потврдува со потврда за познавање на македонски јазик издадена од страна на Институтот за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на студиските програми на Универзитетот се пријавуваат преку лицето задолжено за работа со странски студенти на Универзитетот без претходно посетување на подготвителна настава по македонски јазик.

### Член 10

Студентите можат да се запишат како редовни или како вонредни студенти доколку ги исполнуваат условите наведени во Конкурсот.

Студентите кои се странски државјани не можат да бидат запишани како вонредни студенти на студиски програми на Универзитетот.

Универзитетот го запишува студентот како вонреден студент врз основа на доставена Изјава од студентот за потребата од вонредно студирање, во која ја наведува причината за вонредното студирање (лице во работен однос, лице кое има склучено договор за професионален спортски или културен ангажман, инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар и родител на дете додека трае породилното отсуство) - ОСА.ОБ.08 *Изјава за исполнетост на условот за вонредно студирање.*

Студентот со Универзитетот склучува Договор за студирање со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски во остварувањето на наставно - образовниот процес. Листата на обрасци - договори е составен дел на овој Правилник.

### Член 11

За обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници чиј број изнесува најмногу 10 % од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на единица. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население во Република Северна Македонија.

### Член 12

Универзитетот нема да наплатува партиципација за:

- лица без родители помлади од 26 годишна возраст, доколку се невработени;

- лица со инвалидност, согласно Уредбата која ја донесува Владата по предлог на Националниот совет;
- воени инвалиди;
- лица растени во домови за напуштени деца доколку се невработени;
- други лица утврдени со Уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Квотите за упис на студентите од претходниот став се утврдуваат со Одлука на Владата на Република Северна Македонија за секоја учебна година.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Член 13**

Припадникот на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, утврдени со одредбите од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање на партиципација, под услови за запишување утврдени во Конкурсот за запишување, а нивниот број може да изнесува најмногу 10 % од вкупниот број студенти на соодветна студиска програма.

Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување на документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

**Член 14**

На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата, во рамки на бројот утврден со Одлука за бројот на студенти за запишување во прва година на јавните високообразовни установи, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

Студентите од став 1 на овој член се запишуваат со кофинансирање на студиите. Запишувањето во оваа категорија се врши под истите услови и критериуми како и за редовните студенти финансирани од државата, со склучување на Договор со Универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно - образовниот процес. (листата на обрасци е составен дел на овој правилник).

**Член 15**

Одлука за бројот на студенти, на предлог на Универзитетот, донесува Владата на Република Северна Македонија.

**Член 16**

Износот на партиципацијата, износот на надоместокот за кофинансирање на студиите и износот на надоместокот за вонредните студенти, на предлог на Универзитетот, го утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Износот на надоместокот за странските студенти, на предлог на единиците на Универзитетот, го утврдува Универзитетскиот сенат.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

**Член 17**

Основен критериум за запишување во прв циклус на универзитетски студии е општиот успех на кандидатите по сите предмети постигнат во средното образование (учествува со најмногу 60 поена).

На општиот успех постигнат во средното образование, како критериум за запишување се додава и успехот од државната матура / државната стручна матура / државната уметничка матура (учествува со најмногу 40 поена). На студиските програми каде што бројот на пријавените кандидати во прва година го надминува бројот на студенти утврден со Конкурсот, може да се спроведе проверка на компетенциите на кандидатите, како и дополнително тестирање доколку се појават поголем број кандидати со еднаков број поени по сите основи.

На студиските програми кои се карактеризираат со посебни специфичности (уметностите и други студиски програми утврдени со Конкурсот), запишувањето се врши со проверка на компетенциите. На студиските програми каде што запишувањето се врши со проверка на компетенциите, успехот од средното образование од став 1 и 2 на овој член учествува со 40 поена, а успехот од проверката на компетенциите со 60 поена.

Поблиски одредби за условите и критериумите за запишување на студенти во прва година, за начинот на вреднувањето на општиот успех од средното образование и државната матура, како и за начинот и успехот од проверката на компетенциите, се утврдуваат со Конкурсот.

## III. 1 ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

**Член 18**

Запишувањето на прв циклус на студии се врши врз основа на јавен конкурс - ОНС.ОБ.14 *Конкурс за запишување на студенти на прв циклус на студии*, кој го објавува Универзитетот по предлог на единиците.

Конкурсот се објавува најмалку во еден дневен весник што излегува во Република Северна Македонија и на службената веб - страница на Универзитетот.

Конкурсот од став 1 на овој член содржи:

- име на Универзитетот и негова адреса;
- назив на студиската програма,
- место на изведување на студиската програма,
- времетраење на студиите,

- услови за запишување, утврдени со актите на универзитетот;
- предвиден број на слободни места за запишување,
- постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите
- висината на партиципацијата или школарината.
- електронско поштенско сандаче на универзитетот;
- други одредби.

Универзитетот го донесува и го објавува конкурсот од став 1 на овој член врз основа на предлозите на единиците.

Конкурсот се објавува на македонски јазик.

За студиските програми што се акредитирани на англиски јазик, конкурсот се објавува и со превод на англиски јазик.

Пријавата со потребната документација наведена во Конкурсот се доставува до Универзитетот, односно единицата на Универзитетот во согласност со јавниот конкурс.

**Член 19**

Постапката за запишување на кандидатите на прв циклус на универзитетски академски и стручни студии ја спроведува Конкурсна комисија во согласност со одредбите од Статутот на Универзитетот.

**Член 20**

Конечно решение за прием на студенти за секоја единица на Универзитетот одделно, донесува Универзитетската конкурсна комисија. Врз основа на решението, се врши запишување на студентите на прв циклус на студии и заведување во матичната книга на запишани студенти.

**Пријава за конкурирање**

**Член 21**

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за запишување на студии во електронска форма во универзитетскиот електронски систем до денот утврден во конкурсот.

Во електронската пријава кандидатот мора да назначи за која студиска програма конкурира и дали конкурира за редовен или вонреден студент.

Покрај пријавата од став 1 на овој член, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во конкурсот.

**Селекција на кандидатите**

**Член 22**

Универзитетот со конкурсот ги утврдува условите и постапката за селекција на кандидатите на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко и друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба,инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

**Универзитетска конкурсна комисија**

**Член 23**

За следење на реализација на конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија:

- ја следи и ја спроведува реализацијата на конкурсот;
- се грижи за унифицирана примена на одредбите во конкурсот и на упатството за реализација на конкурсот;
- дава мислења и насоки во текот на реализација на конкурсот и траењето на уписните рокови на универзитетот;
- врши рангирање на пријавените кандидати;
- одлучува по приговорите на кандидатите поднесени на прелиминарната ранг листа;
- донесува решенија за упис на студенти на едниците на универзитетот;
- врши други работи утврдени со другите акти на универзитетот.

Универзитетската конкурсна комисија е должна преку електронскиот систем на универзитетот за пријавување и рангирање, тековно да доставува податоци за пријавените и рангираните кандидати на официјалната веб страница на универзитетот.

**Право на приговор**

**Член 24**

Кандидатот кој не е задоволен од резултатот добиен со селекција на кандидатите, согласно со конкурсните услови има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија. Приговорот се доставува во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од селекцијата. Приговорот се доставува во материјална или во електронска форма на официјалното електронско поштенско сандаче на универзитетот.

Решението на Универзитетската конкурсна комисија е конечно.

Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла и веб страната на универзитетот.

**Член 25**

По истекот на роковите за поднесување на приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија објавува решение за прием на студенти за секоја единица на универзитетот одделно (конечна ранг - листа), врз основа на која се врши запишување на студенти.

**Член 26**

На студиските програми на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места се врши запишување во втор и трет уписен рок.

**Член 27**

Доколку во првиот и вториот уписен рок, при рангирањето на крајот од листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени, предност имаат кандидати добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува единицата носител на студиската програма.

**Запишување**

**Член 28**

По конечноста на постапката за селекција на пријавените кандидати, кандидатот кој остварил право на запишување, но во предвидениот рок не извршил запишување, губи право на запишување, а правото за запишување го стекнува следниот кандидат на ранг - листата кој претходно не заземал место во рамките на одобрената квота за запишување на студенти.

При запишувањето студентите потпишуваат договор за студирање.

Студентите запишани на студиските програми што се изведуваат на англиски јазик можат да потпишат договор на англиски јазик.

Со исполнување на обврските на студентот предвидени за запишување, а утврдени со конкурсот за запишување студенти и со овој Правилник, на студентот му се отвара електронски индекс и му се издава индекс.

Статусот на студент се докажува со индекс.

**Запишување на вонредни студенти**

**Член 29**

Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Како оправдани причини од претходниот став се сметаат: лице во работен однос, лице кое има склучено договор за професионален спортски или културен ангажман, инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар и родител на дете додека трае породилното отсуство.

При запишувањето кандидатот поднесува изјава за исполнување на условот за вонредно студирање.

Студентите кои се странски државјани не можат да бидат запишани како вонредни студенти на студиски програми на Универзитетот.

**Член 30**

Вонредните студенти се запишуваат според истите услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг листа.

**Премин од редовен во вонреден студент и обратно**

**Член 31**

Во текот на студирањето, доколку со студиската програма е утврдена можност за вонредно студирање, редовниот студент може да го промени статусот на студирање и да продолжи да студира како вонреден студент со плаќање на школарина, со поднесување на изјава за вонредно студирање.

Вонредниот студент може да го промени статусот на студент и да продолжи да студира како редовен студент со плаќање на школарина, доколку престанале причините за студирање како вонреден студент, со поднесување на изјава дека престанала причината поради која студирал вонредно.

Промената на статусот на студент е можна само еднаш во текот на студирањето.

Промената на статусот на студент се врши при заверка, односно запишување на семестар.

**Студент гостин**

**Член 32**

Студент гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата и од странство кој запишува делови од студиска програма на Универзитетот.

Статусот на студент гостин трае најдолго една учебна година.

Правата и обврските на студентот гостин, износот на трошоците за студирање се уредуваат со посебен договор склучен помеѓу студентот гостин и единицата на универзитетот.

**Студент на мобилност**

**Член 33**

Студент на мобилност може да биде редовен или вонреден студент на Универзитетот кој запишува делови од студиската програма на универзитет во странство, најдолго една учебна година.

Правата и обврските на студентот на мобилност се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит - трансфер систем и меѓународните програми за мобилност.

## IV.1 ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

**Организација на студиите**

**Член 34**

Студиските програми се поделени на студиски години и семестри.

**Член 35**

Во согласност со Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити -

ЕКТС, обемот на студиската програма изнесува 60 ЕКТС студиски кредити во една студиска година, односно 30 ЕКТС студиски кредити во еден семестар.

**Член 36**

Бројот на студиските кредити за одреден предмет се одредува врз основа на вкупното оптоварување на студентот (теоретска и/или практична настава, вежби, семинари и сл.), времето што му е потребно на студентот за самостојна работа (домашни задачи, проекти, индивидуални работи/проектни задачи и слично), како и времето кое е потребно за учење за подготовка за проверка на знаењето и завршното оценување (тестови, завршен испит и сл.).

## Времетраење на студиите

**Член 37**

Првиот циклус на студии за стекнување на диплома трае три, четири, пет или шест години, а се вреднува со 180, 240, 300, односно 360 ЕКТС студиски кредити. ЕКТС студиските кредити одговараат на критериумите на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС (European Credit Transfer and Accumulation System - ECTS).

Студентите од прв циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според студиската програма на која се запишале, најдолго за времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

## Структура на студиската програма

**Член 38**

Студиската програма содржи општи и посебни услови кои студентот мора да ги исполни заради стекнување на одредено знаење и тоа:

- приказ на задолжителните и изборните предмети по студиски години и семестри;
- бројот на часови за индивидуално оптоварување на студентот по предмет;
- бројот на ЕКТС студиски кредити за секој предмет;
- форма на настава (предавања, семинарски работи, вежби,консултации итн.)
- методи за оценување на знаењето (оценување) и начин на полагање на испитот;
- останати форми на настава заради стекнување и усовршување на професионални знаења и вештини (семинари, проекти, тематска клиника, практична работа и др.);
- приказ на условите за посетување на настава и полагање на испит;
- дипломски труд или завршен испит на студиската програма доколку е планиран.

**Член 39**

Податоците за предметот содржат:

- име на предметот и соодветен код за полесна идентификација на предметот (код за припадност кон одредена студиска програма);
- краток опис на програмата на предметот која овозможува разбирање на неговата содржина од страна на студентот;
- проценка на нивото на предметот што подразбира јасна слика за потребните претходни знаења (предметната условеност, односно наведување на предметите кои претходно треба да се положат);
- препорака за литература која е потребна да се користи за подготовка, поставените цели и список на стручна литература;
- назначување на задолжителни и изборни предмети;
- имиња на наставници и соработници;
- времетраење на наставата - година на студирање, семестар, број на часови неделно и место на предметот во вкупниот преглед на структурата на студиумот;
- метод на изведување на настава и совладување на наставната програма: предавања, консултации, вежби, лабораториски вежби, семинари, теренска, менторска работа и сл., со број на часови неделно и вкупен број на недели на времетраење на одредена активност;
- начин на полагање и траење на испитот - облици на проверка на знаење во текот на наставата, нивна бројност и вреднување на практичната работа и другите облици на самостојна работа (индивидуални работи/проектни задачи, проекти и др.), начин и термини на полагање на испити;
- посебно обележување на предметот на кој наставата се изведува на некој од странските јазици;
- ЕКТС студиски кредити, кои се предвидени за одреден предмет во согласност со општите правила на ЕКТС, со назначување на бројот на студиските бодови за битните активности кои се предвидени со програмата на предметот.

**Организација на наставата**

**Член 40**

Студиската година трае од 1 октомври до 30 септември следната календарска година и се организира во два семестра: зимски и летен.

Наставата во зимскиот семестар започнува на 1 (први) октомври и трае 20 недели (12 недели континуирана настава + 8 недели за подготовка за оценување и завршно оценување).

Заверувањето на зимскиот и запишувањето на летниот семестар (и зимскиот одмор) траат две недели.

Наставата во летниот семестар започнува на 15 (петнаесети) февруари и трае 20 недели (12 недели континуирана активност + 8 недели за подготовка за оценување и завршно оценување).

Заверувањето на летниот семестар се врши во втората половина од месец мај и трае две недели.

Летниот одмор и преостанатите активности и активностите надвор од наставата (организирање на дополнителна настава - летни школи, летни

универзитети и др.), вклучувајќи ги и облиците на проверка на знаењето траат до 8 недели.

**Студентски календар**

**Член 41**

Студентскиот календар ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на учебната година, термините за одржување на наставата, колоквиумските недели и испитните сесии, притоа водејќи сметка за празничните и неработните денови.

Студентскиот календар за наредната година го донесува Универзитетскиот сенат, 3 (три) месеца пред завршувањето на тековната учебна година.

Студентскиот календар се објавува на службената веб - страница на Универзитетот и е составен дел на планот за реализација на наставата.

**Реализација на наставата**

**Член 42**

Наставата се реализира преку:

- Предавања
- Вежби
- консултации,
- семинарски работи,
- домашни задачи - проектни задачи, практична и теренска настава, клиничка настава, курсеви и сл.

Наставата може да се одвива и во виртуелно окружување за учење и подучување (е - учење).

Ако е предвидено во предметната програма, во наставно - образовниот процес можат да се вклучат предавања од домашни и странски универзитети со помош на аудиовизуелни и други електронски помагала.

**Член 43**

Наставникот е должен во текот на наставата, изработката на индивидуалните работи/проектни задачи, како и подготовката за проверка на знаењето, да им помогне на студентите преку организирање на консултации.

Термините за консултации треба да бидат усогласени со термините за настава и да им бидат достапни на студентите преку јавно истакнување на огласната табла на единицата и на службената веб - страница на Универзитетот или на порталот за е - учење.

Консултациите со студентите се задолжителни секоја недела со минимум 2 (два) часа, а максимум 6 (шест) часа.

Предметниот наставник е одговорен за изведување на сите облици на настава, предавања, вежби, практична работа и менторство.

За реализација на практичната настава,секој студент е должен да води Дневник на активности за практична настава, кој треба да го достави до предметниот наставник по завршувањето на истата.

**Член 44**

Наставата се организира и се изведува врз основа на утврдениот распоред на часови. Универзитетот, односно единиците на Универзитетот, се должни да го објават распоредот на часовите најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата.

Распоредот на часовите содржи: име на студиската програма, студиска година, име на предметот, време (ден, час) на одржување на наставата, место на одржување на наставата (предавална/амфитеатар, лабораторија), име на наставник / соработник и други информации за наставата.

За секој предмет, предметниот наставник го утврдува планот на работа и роковите, начинот на проверка на знаењето (тестови, проекти и сл.) и е должен да го достави до продеканот на единицата на Универзитетот најдоцна 15 дена пред почетокот на наставата.

Предметниот наставник е должен во првата недела од наставата да ги запознае студентите со планот за работа на предметот и истиот да го достави до студентите во писмена форма на веб - страницата на личниот профил или на платформата за е - учење.

Промена на распоредот на чосовите и планот за работа во текот на наставата, по правило не е дозволена. Во случај на болест или оправдано отсуство на наставникот, промената во распоредот на часовите ја одредува продеканот на единицата.

**Член 45**

Определени облици на настава можат да се организираат и во форма „учење на далечина" (distance learning, virtual teaching), но испитите мораат да се организираат со физичко присуство во седиштето или дисперзијата на единицата.

Испитите од уметничките предмети можат да се организираат и надвор од седиштето на единицата доколку станува збор за јавни манифестации од типот на концерти, изложби, претстави и др.

Практичната работа и стручната пракса можат да се организираат и да се изведуваат како составен дел на редовната настава или како посебна целина и истите може да се реализираат и надвор од седиштето на единицата.

**Редовност на студентите на настава**

**Член 46**

Доколку е предвидено со студиската, односно предметната програма редовните студенти се должни да ги посетуваат сите облици на настава утврдени со предметната програма. Евиденцијата за присуството се води од страна на предметниот наставник.

Присуството и за активностите за време на различните облици на настава се вреднуваат со соодветен број на поени, како што е предвидено со предметната програма.

На студент кој оправдано изостанал од кој било дел од наставата, на негово барање може да му се овозможи изостанатиот дел да го надомести со

дополнителни активности во договор со предметниот наставник и согласно критериумите утврдени со предметната програма.

**Напредување на студентот**

**Член 47**

Студентите напредуваат во студиите преку полагање на испити а предвидени предмети/модули и стекнување на кредити преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма, а согласно ЕКТС.

**Пријавување на предмети и евиденција**

**Член 48**

Студентите ги пријавуваат предметите кои ги слушаат и ги полагаат во следната студиска година три недели пред почетокот на наставата во зимскиот семестар, а за првата студиска година по запишувањето на семестарот и поднесувањето на семестрален лист.

Изборот на предметите се врши до 30 ЕКТС студиски кредити оптоварување за семестар и 60 ЕКТС студиски кредити за година. Промена на изборен предмет е возможно во случај кога истиот не е положен до запишувањето на наредниот ист по парност семестар (наредната учебна година или во иднина), најдоцна 30 дена по последниот од официјалниот календар за упис на непарен/парен семестар.

По рокот за пријавување на предметите, се формираат списоци на студенти по пријавени предмети за следната студиска година за секоја студиска програма и за секој предмет.

Предметите кои студентот ги пријавил, не можат да се менуваат по нивната верификација.

**Побрзо напредување на студентите**

**Член 49**

На студент кој во студирањето покажува натпросечни студиски резултати, чија просечна оценка во студирањето е најмалку 9 (девет), му се овозможува побрзо напредување ако со оглед на студиската програма тоа е можно.

Студентот поднесува барање за побрзо напредување, а продеканот за настава на единицата го разгледува барањето и изготвува записник со кој одлучува за исполнетоста на условите за побрзо напредување на студентот, и го доставува до координаторот за ЕКТС на Универзитетот.Во одлуката на координаторот за ЕКТС се утврдува и начинот на побрзо напредување на студентот (посета на настава од повисоки семестри, можност за одобрување на вонредни испитни сесии и сл.).

**Повторно пријавување на предмети**

**Член 50**

За секое повторно запишување на предмет (кој студентот го повторува), студентот е должен да уплати соодветен паричен надоместок чија висина со одлука ја определува Универзитетскиот сенат.

**Запишување и заверување на семестар**

**Член 51**

Заверувањето на семестарот и годината е задолжително за сите студенти.

Врз основа на заверувањето на семестарот и годината, се утврдува колку ЕКТС студиски кредити освоил студентот.

На студентот ќе му се завери семестарот доколку тој во електронскиот индекс има потпис од предметните наставници за сите семестрални предмети.

На студентот кој не го исполнил условот од став 3 на овој член, може да му се завери семестар под услови утврдени со одлука на Ректорската управа.

Студентот може да запише нареден семестар доколку му е заверен претходниот семестар.

Роковите во кои се заверува и се запишува семестар и година, се утврдуваат со студентскиот календар.

**Запишување на студиска година**

**Член 52**

Студентите кои во прва година ќе освојат најмалку 36 ЕКТС студиски кредита, можат да запишат втора година (трети и четврти семестар) на студии.

Студентите кои во прва и втора година ќе освојат најмалку 90 ЕКТС студиски кредита, можат да запишат трета година (петти и шести семестар) на студии.

Студентите кои во прва, втора и трета година ќе освојат најмалку 150 ЕКТС студиски кредита, можат да запишат четврта година (седми и осми семестар) на студии.

Студентите кои во прва, втора, трета и четврта година ќе освојат најмалку 210 ЕКТС студиски кредита, можат да запишат петта година (деветти и десетти семестар) на студии.

Студентите од студиските програми на интегриран прв и втор циклус на студии кои во последните два семестра (единаесетти и дванаесетти семестар) имаат само практична реализација на турнуси, можат да запишат единаесетти семестар со освоени 210 ЕКТС студиски кредита и со заверен десетти семестар.

Единицата во рамки на студиската програма може да пропише условувачки критериуми, т.е претходно совладани предмети ( освоени кредити, положени и /или ислушани предмети и сл.) како услов за запишување на други предмети.

**Испитен режим и начин на оценување**

**Член 53**

Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде:

- посета и активности на предавања,
- посета и активности на вежби,
- полагање на колоквиуми,
- изработка на индивидуална работа/проектна задача.

Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- уметнички настапи, уметничка наставна продукција и сл.
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници,
- други активности предвидени со предметната програма.

**Член 54**

Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на поени за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка.

Со студиската програма може да се утврди дека некои облици на настава се спроведуваат без оценување или дека се оценуваат описно.

Во структурата на вкупниот број на бодови, најмалку 70% од поените мораат да бидат предвидени за активности и проверка на знаењето во текот на семестарот. Завршното оценување во структурата на поените, може да се вреднува најмногу со 30% од поените за редовните студенти, односно 100% од поените за вонредните студенти.

Единиците на Универзитетот ја определуваат формата на организација на наставните активности за вонредните студенти и за студентите со учење на далечина.

Вонредните студенти и студентите со учење на далечина се обврзани да присуствуваат на облиците на проверка на знаењето како што е предвидено со програмата на предметот во седиштето на единицата на Универзитетот, односно во наставниот центар во кој се организира наставата за редовните студенти.

## Проверка на знаењето

**Член 55**

Проверката на знаење се организира во термините кои се утврдени за изведување на наставата за предметот за кој е предвидена проверка на знаењето.

Продеканот за настава на единицата, во кооординација со предметните наставници, утврдува распоред на термини за проверка на знаењето (во облик на испити) и притоа води сметка во текот на еден ден да се врши проверка на знаењето за само еден предмет од тековниот семестар.

Задачите, кои се предвидени за индивидуална работа на студентите (семинари, проекти, задачи и др.), треба да бидат рамномерно распоредени во текот на семестарот. Вкупниот обем на овие активности мора да биде усогласен со оптоварувањето кое е предвидено за предметот во согласност со ЕКТС.

Облиците за проверка на знаењето (испитите) можат да бидат теоретски и практични, а се полагаат само писмено, само усно, или и писмено и усно, а на единиците од областа на уметноста и со изведување/презентација на практична работа, односно со изведување/презентација на уметничка работа.

Писмената проверка, по правило, се изведува по пат на тест или писмена работа. Начинот на испитување го одредува наставникот. Завршното оценување, по правило, е усно. Испитите од уметничките предмети, по правило, се полагаат пред комисија.

Предметниот наставник резултатите од писмените испити ги чува до први ноември во следната учебна година.

**Член 56**

Доколку за време на било кој облик на проверка на знаењето, односно полагањето на испитот наставникот оцени дека студентот недостојно се однесува, ги попречува другите студенти или користи недозволени помагала, должен е да го отстрани студентот од проверката на знаење односно од полагањето на испитот.

Во случаите од став 1 на овој член, наставникот е должен да покрене дисциплинска постапка.

**Член 57**

Оценувањето е квантитативно.

Предиспитните активности се вреднуваат со максимум 70 поени, при што се изразени на следниов начин:

- 10 поени за присуство и активности на предавања,
- 10 поени за присуство и активности на вежби,
- 20 поени за прв колоквиум,
- 20 поени за втор колоквиум,
- 10 поени за индивидуална работа/проектна задача.

Услов за добивање на поени за предавања и за добивање на потпис од предметниот наставник, е исполнување на обврската за минимум 60% присуство на студентот на вкупно предвидените предавања.

Услов за добивање на поени за вежби, е исполнување на обврската за

минимум 60% присуство на студентот на вкупно предвидените вежби.

Услов за полагање на завршен испит е освојување на кумулативно минимум 42 поени од предиспитните активности.

Доколку студентот не освои кумулативно 42 поени од сите предиспитни активности, повторно го презапишува предметот во текот на наредната година, без признавање на старите предиспитни активности.

Доколку студентот освои кумулативно 42 поени од сите предиспитни активности, не го презапишува повторно предметот во текот на наредната година и му се признаваат старите предиспитни активности.

Студентот кој освоил кумулативно 42 поени од сите предиспитни активности, има право да полага завршен испит. Завршниот испит носи максимум 30 поени.

Вонредните студенти полагаат завршен испит без вреднување на предиспитните активности. Завршниот испит за вонредните студенти носи максимум 100 поени.

Завршниот испит по еден наставен предмет пред предметниот наставник, студентот го полага најмногу 3 (трипати). Четвртиот пат, по барање на студентот, испитот се изведува пред комисија составена од 3 (три) члена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје која ја формира деканот, а во негово отсуство продеканот на единицата.

Наставникот кај кого полагал студентот, не е член на комисијата.

Со завршното оценување се пресметуваат постигањата на студентот во текот на континуираното оценување, испитите и други активности кои се предмет на оценување, а се предвидени со предметната програма.

Завршното оценување се изразува квантитативно, со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Положен испит е услов да се стекне потребниот број кредити пропишан со предметната програма.

**Член 58**

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

10 (А) - изнесува 91 - 100 поени,
9 (B) - изнесува 81 - 90 поени,
8 (C) - изнесува 71 - 80 поени,
7 (D) - изнесува 61 - 70 поени,
6 (E) - изнесува 51 - 60 поени,
5 (F, FX) - со или под 50 поени.

**Член 59**

Студиите од првиот циклус завршуваат со полагање на сите испити и/или со полагање на завршен испит/дипломски труд во согласност со студиската програма.

**Просечен успех**

**Член 60**

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит, односно дипломскиот труд.

**Пријавување на испити и завршно оценување**

**Член 61**

Студентите го вршат пријавувањето на испитите со пополнување испитни пријави и нивно поднесување во определените рокови за пријавување на испитите, по правило по електронски пат или во определени случаи преку службата за студентска архива.

Студентите кои стекнале статус на апсолвент имаат право да ги пријават и да ги полагаат сите заостанати предмети за кои се стекнале со право на полагање, во сите испитни рокови.

Пријавување на испити по изминување на определените рокови не е дозволено.

Пред спроведување на испитот се изготвува список на кандидати пријавени за полагање испит, генериран од системот електронскиот индекс, и истиот навремено се доставува до предметниот професор или до комисијата. Списокот не може да се надополнува со други кандидати, по започнувањето на испитот.

**Член 62**

Завршното оценување започнува во февруарската сесија, во еден испитен рок, со поднесување на една пријава за испит во два испитни термина.

Студентите, кои нема да ги положат предвидените испити во февруарската сесија, можат да ги полагаат во јунската сесија во еден испитен рок, со поднесување на една пријава за испит, во два испитни термина.

Студентите кои нема да ги положат предвидените испити во јунската сесија, можат да ги полагаат во септемвриската сесија во еден испитен рок, со поднесување на една пријава за испит, во два испитни термина.

Универзитетот може да организира и дополнителни испитни сесии во април, октомври и декември во еден испитен рок, со поднесување на една пријава за испит во еден испитен термин.

Рамковните термини за пријавување и спроведување на различните форми на проверка на знаењето, вклучително и за завршното оценување се дефинирани во студентскиот календар.

**Член 63**

Испитот по правило е јавен, се одржува во предавална на единицата и на денот на спроведување на испитот, предметниот наставник или формираната комисија е должна да го провери идентитетот на студентот и да провери дали истиот е внесен во списокот на пријавени студенти. Проверката на идентитетот се врши врз основа на индексот, а по потреба и врз основа на друг документ за лична идентификација (лична карта, пасош и сл.).

## Објавување резултати од испит

### Член 64

Конечната оценка на испитот ја утврдува предметниот наставник.
Конечната оценка се евидентира во пријавата за испит, во индексот или електронскиот систем, што ја пополнува и потпишува предметниот наставник.
Студентот мора да биде оценет најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот кога се јавил на испит.
Наставникот е должен да му ја соопшти оценката на студентот, односно резултатите од усниот испит веднаш по одржувањето на испитот, а додека резултатите од спроведениот писмен, односно писмен дел на испитот, најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на одржаниот испит, со истакнување на резултатите на службената веб-страница, како и на друг соодветен начин.
Кога наставник ќе го оцени писмениот испит на студент со оценка 5 (пет) е должен да го запознае студентот со недостатоците на писмениот испит доколку тоа од него е побарано.
Наставниците на факултетот се должни да го оценат испитот на студентот со оценка 5 (пет) и тогаш кога студентот:

- ја напуштил просторијата во која се одржува писмениот, односно усниот дел - на испитот или кога ќе се откаже од веќе започнатиот устен испит,
- кога нема да се јави на писмен испит или писмен дел на испит или не се јави на устен испит или усниот дел на испитот.

## Приговор заради оценка од проверка на знаењето

### Член 65

Студент во рок од 24 часа може да поднесе приговор до деканот на единицата ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон, актите на Универзитетот и Статутот на единицата.
Ако деканот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил, студентот испитот го полага пред трочлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје, во наредните 24 часа наредниот работен ден. Комисијата ја формира деканот, а во негово отсуство продеканот на единицата.
Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.
По барање, на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу 4 (четири) месеца од полагањето.
Доколку студентот на повтореното завршно оценување добие пониска оценка, таа е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.

**Пренесување на надлежности за спроведување на испити**

**Член 66**

Во случај на спреченост на предметниот наставник, деканот на единицата може да му ги пренесе надлежностите за одржување на испити по конкретен предмет на друг наставник од иста или сродна наставно - научна област или пак на комисијата за спроведување на испит формирана од деканот на единицата.

## V.1. ДИПЛОМСКИ ТРУД/ЗАВРШЕН ИСПИТ

**Член 67**

Студирањето на единиците на Универзитетот се завршува со положување на сите предвидени испити со студиската програма, исполнување на сите други студиски обврски, како и изработка и одбрана на дипломски труд (за студиите во траење од 4/5/6 години, 240/300/360 ЕКТС кредита), односно полагање на завршен испит (за студиите во траење од три години, 180 ЕКТС кредита).

Дипломскиот труд претставува самостојна работа на студентот од одделно подрачје од студиската програма со која покажува дека ја владее материјата од областа во која треба да ги заврши студиите.

Завршен испит претставува самостојна презентација на студентот на избрана тема од однапред дефинираните предмети од студиската програма пред тричлена комисија.

Темата за дипломскиот труд/завршниот испит студентот ја дефинира во договор со менторот од соодветната катедра/институт/оддел, најрано со запишувањето на последниот семестар од студиската програма. Предложената тема и ментор се верификува со донесеување на одлука на наставно - научниот совет на единицата.

**Член 68**

Пријавата за изработка на дипломски труд и пријавата за полагање на завршен испит се поднесуваат во архивата за студентски досиеја на единицата во текот на последниот семестар од студиите, во рамки на сесија за пријавување на испити.

Студентот при запишување на последниот (6 - ти) семестар од студиската програма 3+1, поднесува барање за:

- полагање на завршен испит и стекнување на диплома за тригодишно образование;
- продолжување на студиите и стекнување на диплома за четиригодишно образование, со изработка и одбрана на дипломски труд, без полагање на завршен испит и без право на добивање на диплома за тригодишно образование;
- полагање на завршен испит и стекнување на диплома за тригодишно образование и продолжување на студиите со изработка и одбрана на дипломски труд и стекнување на диплома за четиригодишно образование, врз основа на поднесено барање од страна на студентот.

Пријавата за јавна одбрана на дипломски труд/ за комисиско полагање на завршен испит, се поднесува во архивата за студентски досиеја на единицата заедно со Менторски извештај за дипломскиот труд/завршниот испит, *ОНС.ОБ.27 Менторски извештај за дипломски труд/завршен испит*, најрано по положувањето на последниот испит од соодветната студиска програма и со исполнување на сите обврски спрема студиската програма.

**Член 69**

Менторот на дипломскиот труд/завршен испит предлага претседател и два члена на Комисија за спроведување на постапка за јавна одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит.

Еден од членовите на Комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит е менторот на темата.

Деканот на единицата на Универзитетот со одлука го потврдува составот на Комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит.

**Член 70**

Менторот на дипломскиот труд/завршниот испит е должен да ја следи работата на студентот при изработката на дипломскиот труд/при подготвувањето на презентацијата на темата за завршниот испит, да му помага со совети и да го упатува во потребната литература.

**Член 71**

Јавната одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит се спроведува најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за формирање на Комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит од страна на деканот на единицата на Универзитетот.

**Член 72**

Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од усно излагање/презентација на темата и образложени заклучоци, како и одговори на прашања од Комисијата во врска со презентацијата на темата и заклучоците.

Полагањето на завршниот испит се состои од презентација на избраната тема пред трочлената комисија, како и одговори на прашања од Комисијата во врска со презентацијата на темата.

Дипломскиот труд/завршниот испит се оценува со единствена оценка од 10 (А) до 5 (F), при што оцената 5(F) значи дека студентот не го одбранил дипломскиот труд/не го положи завршниот испит. Оценката се донесува со мнозинство на гласови од членовите на Комисијата.

Доколку студентот го одбрани дипломскиот труд/положи завршниот испит, потпишаната пријава од страна на Комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит се доставува до архивата за студентски досиеја на единицата.

Во случај кога студентот нема да го одбрани дипломскиот труд/не го положи завршниот испит, Комисијата го повикува студентот на повторна одбрана на дипломскиот труд/полагање на завршниот испит најдоцна во рок од 30 дена.

Доколку студентот не го одбрани дипломскиот труд/положи завршниот испит и во повторениот рок, тогаш се пристапува кон промена на темата за дипломски труд/завршен испит.

**Судир на интереси**

**Член 73**

Во случаите кога предметниот наставник и студентот се во роднинска врска: син, ќерка, снаа, зет, брат, сестра, сопруга или сопруг, наставникот е должен да се изземе при полагањето на предметот, односно испитот, дипломскиот труд или завршниот испит и за тоа да го извести деканот, односно директорот на единицата.

Спроведувањето на испитот деканот го доверува на друг наставник од исто или сродно наставно - научно подрачје или на посебна компетентна испитна комисија, составена од три члена.

Доколку студентот со предметниот наставник е во роднинска врска согласно став 1 од овој член, деканот на единицата, во Комисијата за одбрана на дипломскиот труд или завршниот испит, на местото од изземениот наставник назначува друг наставник од иста или сродна научна област во рамките на истото научно поле.

**Завршување на студиите**

**Член 74**

Студентот ги завршил студиите од прв циклус кога ќе ги положи сите испити, ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани завршe испит/дипломски труд, согласно со акредитираната студиска програма.

На студентот може да му се признаат и кредити од посетувани вонкурикуларни курсеви и семинари организирани од страна на единицата или други високообразовни институции доколку е утврдено со студиската програма.

Со завршувањето на студиите во согласност со овој член, студентот стекнува соодветно стручно или академско звање или степен, како и други права согласно со посебните прописи.

**Документи кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденција**

**Член 75**

На студентот кој ќе заврши само само дел од студиската програма или целосно ќе ги заврши студиите, врз основа на евиденцијата, му се издава уверение за завршениот дел од студиската програма, кое содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

Студентот кој ги положил сите испити предвидени на запишаната студиска програма и ги исполнил преостанатите обврски што се предвидени

со Статутот на Универзитетот и со овој Правилник, се стекнува со диплома за завршен прв циклус на академски/стручни студии на соодветната студиска програма и се запишува во Главната книга на дипломирани студенти.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на првиот циклус на стручни студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea, со додавка на струката, ако со закон поинаку не е уредено.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Дипломата се заверува со сув печат на Универзитетот. Дипломата се потпишува од страна на ректорот и деканот.

Со дипломата, задолжително се издава и додаток на диплома (diploma supplement) заради детален увид во нивото, природата, содржината, системот и правилата на студирање и постигнатите резултати во текот на студиите.

На студентот покрај дипломата, му се издава и уверение, 1 (едно) за завршен циклус на студии и 1 (едно) за оценки и кредити кои ги потпишува деканот на единицата.

Уверението и дипломата се јавни исправи.

**Студиска програма за заедничка диплома**

**Член 76**

На Универзитетот, односно неговата единица може да се организира студиска програма од прв циклус за стекнување заедничка диплома, заедно со друга единица на Универзитетот, заедно со еден или повеќе универзитети, односно самостојни високи стручни школи од Република Северна Македонија или од странство акредитирани во земјата во која и е седиштето, за што одлучува Универзитетот на сопствена иницијатива или на предлог на единиците на Универзитетот.

Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, односно самостојни високи стручни школи, се применуваат прописите на оној универзитет каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

Заедничката диплома е јавна исправа во која задолжително се наведени универзитетите и нивните единици кои заеднички учествувале при изведувањето на студиската програма.

Заедничката диплома и Додаток на диплома, ја потпишуваат Ректорот на Универзитетот и овластените лица на високообразовните установи со кои се организира студиската програма за стекнување на заедничка диплома.

**Промоција**

**Член 77**

Промоцијата претставува свечено доделување на дипломите за завршени студии. Дипломите за завршен први циклус студии ги доделува

Деканот на единицата.

## VI.1. ДРУГИ ПРАВА НА СТУДЕНТИТЕ

### Член 78

Прашањата поврзани со статусот на студентите и нивните права и обврски како и дисциплинските мерки се дефинирани со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и статутите на единиците на Универзитетот.

### Престанок и обновување на статусот на студент

### Член 79

На студентот му престанува статусот на студент во следниве случаи: ако дипломира, ако не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и правилата за студирање на единицата, ако се испише, ако е исклучен и во други случаи утврдени со правилата за студирање на единицата.

Статусот од став (1) на овој член може да биде обновен спред постапката утврдена со статутот на Универзитетот, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување.

По обновувањето на статусот, студентот може да ги продолжи студиите по студиска програма која се применува. Во случај на промена на студиската програма, студентот е должен да ги ислуша дополнителните предмети, да ги исполни обврските и да ги полага различните предмети во студиската програма. Студентот на кој му е обновен статусот, ги продолжува студиите во согласност со овој Правилник со плаќање школарина. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на Универзитетот.

### Мирување на обврските на студентот

### Член 80

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

- за време на бременост;
- со дете до 1 (една) година старост;
- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
- поради семејни причини;
- за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 ден во текот на одржување на наставата доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС кредити;
- за време на упатување на стручна пракса во траење од најмалку 6 (шест) месеца;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на државата;
- неможност за исполнување на финансиските обврски;

– во други случаи за чија оправданост одлучува деканот.

Мирувањето на обврските од ставот 1 на овој член го одобрува деканот или, по негово овластување, продеканот за настава врз основа на писмено барање на студентот и доставена соодветна документација.

Доколку за време на мирувањето на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските што претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

За времетраењето на мирувањето на обврските студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

**Член 81**

Додека трае мирувањето на обврските кои се поврзани со академската година, студентот може да ги полага заостанатите испити за кои има исполнето услови со цел стекнување на право на запишување во наредна година на студии.

**Член 82**

Студентот е должен да го активира мирувањето на обврските во рок од 30 дена по истекување на причините за мирување.

Доколку студентот не го активира мирувањето ниту ја запише наредната академска година, ќе се смета дека настапил прекин на студиите.

**Продолжување на студиите по прекинувањето**

**Член 83**

Доколку студент не ја запише наредната студиска година кога има услов за запишување на наредна студиска година или не ја презапише истата студиска година кога нема услов за запишување на наредна студиска година или не го активира мирувањето на студиите кое му е одобрено на одреден временски период, ќе се смета дека настапил прекин на студиите.

По прекинот на студиите, студентот може да ги продолжи студиите по студиската програма на која се запишал, освен ако не поминало времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку за време на прекинот на студиите настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските што претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

**Истовремено студирање на две студиски програми (Паралелно студирање)**

**Член 84**

Студентот може да студира на две одделни студиски програми од прв циклус студии истовремено (паралелно студирање), на една или повеќе високообразовни установи, доколку е предвидено со студиската програма и доколку не влијае на исполнувањето на обврските на студентот предвидени на двете студиски програми.

Студентот може паралелно да се запише и на друга студиска програма ако ги исполнил условите за запишување определени со студиската програма и со надоместување на трошоците за студирање.

Студентот на втората студиска програма се запишува како вонреден студент и ги плаќа трошоците за студирање како вонреден студент.

Студентот кој успешно ги завршил обврските според двете студиски програми, добива одделни дипломи за секоја од паралелните студиски програми.

**Член 85**

Од паралелното студирање се изземени студиите на Факултетот за медицински науки на студиските програми по Општа медицина, фармација и дентална медицина и на Музичката академија (освен на студиските програми на кои се дозволени вонредни студии), како единици на кои не може да се врши одобрување на паралелно студирање во рамки на единицата, како и од други единици на Универзитетот.

**Член 86**

За остварување на правото на паралелно студирање, студентот поднесува барање до архивата за студентски досиеја. Продеканот на единицата изготвува записник и го проследува до координаторот за ЕКТС на Универзитетот, кој изготвува одлука.

Со барањето за паралелно студирање, студентот приложува и потврда за студент на првата студиска програма.

Конечното одлучување по барањата на студентот за паралелно студирање, треба да се заврши пред почетокот на новата академска година.

**Член 87**

Положените испити на првата студиска програма се признаваат ако предметите од кои испитите се положени по својата содржина и обем одговараат на наставниот предмет на втората студиска програма.

Со признавање на испитот се признава и оценката со која студентот е оценет, како и ЕКТС кредитите во согласност со студиската програма.

**Премин од една на друга студиска програма**

**Член 88**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на единицата каде што е запишан, како и на студиска програма на друга единица, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на единицата.

Студенти од студиски програми од други високообразовни установи од земјата можат да преминат на студиски програми на единиците на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на единицата, доколку постои совпаѓање на студиските програми за стекнување на стручниот, односно академскиот назив утврден во студиската програма на која се преминува.

Преминувањето на студентите се врши врз основа барање на студентот

за признавање на остварените ЕКТС кредити.

На студентот кој бара преминување може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските по предметите и да ги положи испитите за да може да продолжи со студиите.

Продеканот на единицата изготвува записник во кој дава мислење за признавање на ЕКТС кредити и го доставува до координаторот за ЕКТС на Универзитетот. Координаторот за ЕКТС изготвува одлука/решение.

Положените испити со изворниот наслов, оценки и остварени кредити на матичниот факултет и признаени со решението од став (4) на овој член, заедно со решението за еквиваленција, се евидентираат во досието на студентот. Во уверението за положени испити се внесуваат називите на еквивалентните предмети и кредити од единицата на која преминал студентот.

**Член 89**

Студентот кој преминува е должен да се запише на студии до завршувањето на уписниот рок. Студентот кој преминува ги продолжува студиите со плаќање школарина.

Студентот има право на преминувањата од став (1) на овој член при запишувањето во новата студиска година, а се до 31 октомври или до затворањето на матичните книги.

**Посебни поволности**

**Член 90**

Студентите од сите три циклуси на високо образование, кои се: без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, самохрани мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните, имаат право на полагање на испити во дополнителни испитни рокови, најмалку двапати во текот на годината.

**Награди**

**Член 91**

Студентот може да добива соодветни награди и признанија за посебно покажани резултати во студирањето. Видот на наградите, критериумите и процедурите за нивно доделување, ги утврдуваат Универзитетот и/или единиците на Универзитетот.

## VII.1.АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА

**Член 92**

Административната поддршка на прв циклус на универзитетски студии се остварува во рамки на Универзитетот, односно во секторот за е - индекс и во Одделението за студентска архива.

Електронскиот индекс ги извршува следниве активности кои се поврзани со реализацијата на Правилникот за студирање на прв циклус на студии:

1. Студенти:
   - запишување на студии;
   - комплетен преглед и делумна администрација на сите податоци на студентот;
   - упис и заверка на семестар;
   - администрација на насоки на студирање согласно студиските програми;
   - пријавување на испити и индивидуална работа/проектни задачи;
   - пријавување на завршен испит (целосна процедура за дипломирање);
   - поднесување на електронски барања;
   - електронско плаќање за сите услуги кон Универзитетот (24/7/365);
   - огласна табла;
   - консултации;
   - други активности поврзани со студирањето на студентот.

2. Наставен/соработнички кадар/администрација:
   - Комплетен преглед и делумна администрација на податоци;
   - Оценување:
     - регуларно оценување,
     - комисиско оценување,
     - завршен испит/дипломски труд (цела процедура);
   - потпис,
   - генерирање на извештаи,
   - огласна табла,
   - консултации,
   - други активности поврзани со студирањето на студентот.

3. Администрација:
   - Комплетна администрација на активности и податоци делегирани по основа на работно место.

Архивата за студентски досиеја на единицата ги извршува следниве активности кои се поврзани со реализацијата на Правилникот за студирање на прв циклус на студии:

- формира и ги чува досиејата на студентите во дигитална и хартиена форма;
- води матична книга на запишаните и дипломираните студенти;
- води електронска евиденција за издадените семинарски и дипломски трудови;
- ги средува пријавите по предмети, години, прави извештаи од испитните сесии и ги внесува во досието на студентот;
- врши и други административни работи, а особено: издава потврди, уверенија и исписници по барање на студентот;

- изготвува статистички податоци за упис на годината за единицата за која е одговорна, за резултатите од испитните сесии и слично;
- ги подготвува сите видови извештаи со бараните податоци кои се однесуваат на работата на архивата потребни за годишниот извештај на Универзитетот и за други потреби;
- врши и други работи поврзани со студирањето на студентот.

## VIII.1 ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Надоместоци**

**Член 93**

Составен дел на овој правилник е ценовник за утврдување на надоместоците што ги плаќаат студентите надвор од партиципацијата односно школарината.

**Член 94**

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето и усвојувањето од страна на Ректорска управа и Сенат.

## ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ

1. ОНС.ОБ.01 *Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно - образовниот процес за редовни студенти во државна квота*
2. ОНС.ОБ.02 *Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес за редовни студенти со кофинансирање*
3. ОНС.ОБ.03 *Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно - образовниот процес за вонредни студенти*
4. ОСА.ОБ.02 *Извештај од Комисија за проверка на студентско досие (некомплетно)*
5. ОСА.ОБ.03 *Извештај од Комисија за проверка на студентско досие (комплетно)*
6. ОНС.ОБ.14 *Конкурс за запишување на студенти на прв циклус на студии*
7. ОСА.ОБ.08 *Изјава за исполнетост на условот за вонредно студирање*
8. ОНС.ПР.05 *Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит*
9. ОНС.ПРВ.04 *Правилник за запишување на странски студенти*
10. ОНС.ПР.07 *Процедура за запишување на странски студент*

Претседател на Универзитетски сенат
Проф.д-р Снежана Мирасчиева

______________________________